РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-5596/2
31-01-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен предмет оформен по пријава на непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на 99 -та седница, продолжение одржано на ден 30.01.2024 ја донесе следнава

**Одлука**

Постапката по предметот број 12-5596/1 од 12.12.2023 година, со наводи за сомневање за коруптивно однесување во постапка за јавна набавка на Комуналец -------------, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што во предметниот случај од страна на договорниот орган објавени се документи согласно Законот за јавни набавки но од истите не може да се констатира во која фаза се наоѓа постапката по предметната јавна набавка, а по однос на пријавените наводи за неправилности во техничка спецификација друг орган е надлежен да постапува од областа.

Предметната пријава ќе се достави на надлежно постапување на Комисијата за заштита на конкуренцијата на РСМ.

Предметот со број 12-5596/1 од 12.12.2023 година да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 12.12.2023 година, доставена е пријава, по која е оформен предмет со број 12-5596/1 од 12.12.2023 година, со наводи за сомневање за коруптивно однесување во постапка за јавна набавка на Комуналец ------------ објавена по оглас број -----------------. Подносителот на пријавата смета дека во предметната постапка, која се однесувала на набавка на полимери за Пречистителна станица, имало неправилности во изготвувањето на техничката спецификација. Имено, според подносителот карактеристиките наведени во спецификацијата упатувале на производот за дел 1----------------------------------------------------- од производител --------, за кои производи Генерален застапник бил ----------------------------------, па тој смета дека наведените основи упатуваат на сомнение дека истиот ќе го добиел овој тендер и предлага следење на тендерот.

Од извршени проверки во системот Електронскиот систем на јавни набавки (ЕСЈН), ДКСК го констатира следното:

- Во конретниот случај станува збор за јавна набавка објавена од ЈПКД Комуналец - ------------- во ЕСЈН под оглас број --------------- од 22.11.2023 година за набавка на Полимер за потребите на ПСОВ. Предмет на договорот за јавната набавка бил: Основни неоргански хемикалии, а вид на постапката: Поедноставена отворена постапка. Краен рок на доставување на понудите бил 07.12.2023 во 09,00 часот.
- Во јавниот оглас, објавен за предметната постапка за јавна набавка во дел IV.2.4) наведено е : Стандарди- Стандарди за системи за квалитет: Каталози со технички спецификации за предметот на набавка.

- Истиот ден, 22.11.2023 година, објавено е и Известување за измени и дополнителни информации во постапката, со кое е изменет текстот во делот Краен рок на доставување на понудите и е ставено нов : 07.12.2023 до 09,30 часот, како и текстот во делот – Отворање на понудите и е ставен нов: "Отворањето на понудите е јавно, а ќе се изврши на ден 07.12.2023 година, во 09,30 часот во време определено во тендерската документација како краен рок за поднесување на понудите, на следнава локација ---------------------------------------------------." (поместен бил датумот на отворање од 17.12 на 07.12)

- Во ЕСЈН, по однос на предметната постапка за јавна набавка објавени се следните документи: Оглас за јавна набавка, Известување за измени и дополнителни информации во постапката и Тендерската документација.

Со датум од 11.01.2024 година кога ДКСК изврши увид на податоците објавени на веб страницата на ЕСЈН, нема други прикачени документи за предметната постапка за јавна набавка како на пример Извештај од спроведена евалуација на пристигнати понуди и Известувања за склучен договор за оваа јавна набавка, па оттаму не може да се констатира во која фаза е постапката т.е. дали оваа постапка е завршена или е се уште во тек.

Од погоре констатираното, ДКСК утврди дека во предметниот случај од страна на договорниот орган објавени се документи согласно Законот за јавни набавки но од истите не може да се констатира во која фаза се наоѓа постапката по предметната јавна набавка, а по однос на пријавените наводи за неправилности во техничка спецификација друг орган е надлежен да постапува од обласа, по што ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување а пријавата ќе ја достави на надлежно постапување на Комисијата за заштита на конкуренцијата на РСМ.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска**

Изработил: Ј.Ц.
Одобрил : Н.Б. ,член на ДКСК